

ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# СТАТУС И ПОТРЕБА НА ДОПИСНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЗНМ
Здружение на новинарите на Македонија

ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# СТАТУС И ПОТРЕБА НА ДОПИСНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Драган Секуловски, директор на проектот

Младен Чадиковски, уредник

Август 2019 година

Оваа публикација беше подготвена во рамките на проектот „Безбедни новинари за кредибилни информации во Македонија" поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на ЗНМ и авторите и во никој случај не може да се смета дека ја одразува позицијата на Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје.

**Издавач: Здружение на новинарите на Македонија**

Градски ѕид, блок 13 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: 00389 (02) 3298-139 е-пошта: contact@znm.org.mk

# I. ВОВЕД

Медиумите и новинарството во Република Северна Македонија се исправени пред многубројни предизвици. Актуелниот тренд во медиумскиот простор во Република Северна Македонија и натаму покажува силна ранливост. Во текот на минатава деценија, состојбите во новинарството беа на критично ниво од повеќе аспекти а тоа придонесе кон влошување на состојбата на дописниците – новинари од внатрешноста.

Со примената на информатичките технологии, се очекува, ваквата состојба да се развива, кон нови трендови кај медиумите, *кои ќе се развиваат интензивно*. Тоа значи дека дигиталното опкружување ќе придонесе за менување на форматот на медиумите и на навиките на јавноста за нивна примена.

Значајно е овој процес да не ја наруши основната цел на медиумите, да бидат јавен сервис-информатори и чувари на демократијата во општеството – на централно, но, и на локално ниво. Медиумите имаат обврска одговорно и совесно да ја извршуваат информативната и едукативна улога. Тоа значи дека новинарството е главниот фактор за одржување на рамнотежата помеѓу различните тези во различни медиуми, како и да ја одржува сигурноста во услови на социо-економска и културна раслоеност во современото општество.

Со цел да се креира одржлив развој во медиумската сфера, но и да се детектираат клучните прашања во медиумската дејност, подготвивме ситуациона анализа на состојбата во медиумите и новинарството со конкретни препораки кои придонесуваат кон подобрување на социо-економската положба на дописниците и јакнење на дописничката мрежа, сè со цел задоволување на потребите на јавноста со теми од локален јавен интерес.

За потребата на овој документ за јавни политики, ЗНМ користеше податоци од анализите на членовите на Здружението, но и други релевантни субјекти кои ја истражуваат состојбата, во Република Северна Македонија и во другите земји, со цел да бидат обезбедени суштински и

сеопфатни податоци и информации за состојбата. Дополнително, беа користени одговори од претходно доставени дописи до јавниот сервис и дел од приватните медиуми во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## II. АНАЛИЗА НА СИТУАЦИЈА

**Дописничката мрежа на јавниот радиодифузер, но и на националните телевизии постојано се намалува, а во одредени медиуми и целосно е укината.** Националните медиуми значително известуваат централистички и речиси не покриваат теми кои се од локално значење. На тој начин, јавноста нема целосна слика за општествените состојби и процеси во земјава. Во изминативе години состојбата спадна на многу ниско ниво, за тоа показател е одлуката, од финансиски причини, да не се доделува наградата „Менде Петковски", оваа награда се доделува за да се валоризира трудот на дописниците и е посветена на познатиот битолски новинар кој почина во 2005 година.

Финансиите се главен проблем за дописниците. Сите досегашни истражувања за социо-економската положба на дописниците покажуваат дека месечните надоместоци или хонорарите по објавен текст или прилог не можат да ги покријат основните трошоци за живот. Најновото истражување за положбата на дописниците во Источна Македонија покажа дека дури 54,2% од новинарите земаат плата која се движи од 11.000 до 16.000 денари, 11,9% од новинарите имаат месечна плата од 8.000 до 10.000 денари, што е навистина поразително. Само 10,2% од новинарите имаат месечни примања над 22.000 денари.

Дел од дописниците кои не можат да ги користат ресурсите на локалните медиуми, принудени се да го поделат својот хонорар со снимател или фотограф, бидејќи националните медиуми речиси никогаш не го покриваат тој трошок.

Оваа состојба е поразителна и влијае демотивирачки кај новинарите, а се рефлектира и врз квалитетот на информирањето.

МРТ во текот на 24 часа, емитува 73 програми за потребите на своите 3 канали и на Сателитскиот канал, и тоа:

- на Првиот канал (МРТ1) емитува 24-часовна програма;
- на Вториот канал (МРТ2) емитува 24-часовна програма на јазиците на малцинствата, и тоа на: албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик;
- на Собранискиот канал;
- на Сателитскиот канал (МРТсат) емитува 24-часовна програма;
- како и на 3 радиостаници: Македонско радио Прв, Втор и Трет канал.

Со измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, МРТ е обврзана да отвори уште еден 24-часовен канал на албански јазик, со што вкупниот број на ТВ-канали ќе се зголеми на 5 и ќе има дополнителни финансиски реперкусии врз нејзината работа.

Реформите во јавниот радиодифузен сервис се делумно условени и од зголемувањето на буџетот на овој медиум, како и од изборот на новите членови на Програмскиот совет, а тие треба да бидат компетентни и непартизирани кадри. На тој начин МРТ ќе ја исполни мисијата да ги информира, едуцира и забавува граѓаните. Овој став беше честопати пренесен од ЗНМ, останатите медиумски организации, како и од дел од експертската медиумска јавност. Работата на МРТ е уредена со внатрешни документи, Статут, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми.

Според јавно објавениот годишен извештај на МРТ за 2017 година (види Инфографикон 1.), нејзиниот буџет изнесуваше 16,869,798 евра, од кој 37% беа наменети за плати на вработените.[1]

[1] Годишен извештај на МРТ за 2017 година, преземен од: www.http://mrt.com.mk/sites/default/files/Консолидиран годишен финансиски извештај ЈРП МРТ 2017г.pdf

Во разговор со член на Програмскиот совет на МРТ, беше посочено дека во моментов МРТ има вработено 12 дописници кои работат за МРТ1 и МРТ2, и дека оваа година МРТ има објавено повик за пријавување на нови дописници. Сепак, оваа бројка е ниска, доколку се земе предвид дека ќе биде пуштен во употреба уште еден телевизиски канал со целосна програма на албански јазик.

**Инфографикон 1:** ***Основни податоци за МРТ***

ВКУПЕН ГОДИШЕН БУЏЕТ ЗА 2017

16.8 69.798 Евра




| БУЏЕТ ПО ГОДИНИ | |
|---|---|
| 2016 | 19.346.806 Евра |
| 2017 | 16.869.798 Евра |

ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ И ДОПИСНИЦИ




Медиумската информативна агенција (МИА), како, официјален јавен информативен сервис, е оформена во 1998 година, по одлука на Собранието на Република Македонија. Таа произведува меѓу триста и триста и педесет прилози на дневна основа и ги дистрибуира преку електронска пошта и истовремено ги поставува на својата интернет страница. Сервисот работи од 07:00 - 24:00 часот и известува на македонски, албански и англиски јазик. Дополнително, има околу триесетина дописници во Република Северна Македонија и во странство,  а располага со околу 80 вработени, од кои триесетина локални и странски дописници.

# III. КОМПАРАЦИЈА НА СОСТОЈБИТЕ СО ДОПИСНИЧКАТА МРЕЖА НА МЕДИУМСКАТА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

За целите на ова истражување, преку Законот за пристап до информации од јавен карактер, обезбедивме податоци за состојбата со дописничката мрежа во државната агенција.

## ДОПИСНИЦИ ВО 2005 ГОДИНА

Дописници од внатрешноста: Вкупно десет од кои осум се со Договор за повремено ангажирање и нивниот хонорар изнесува меѓу 2.000 и 13.000 денари, а само двајца дописници биле вработени со договори на неопределено и нивната плата изнесувала од 18.000 до 20.000 денари.

Дописници од странство: Само еден дописник од Лондон со договор за повремено ангажирање и неговиот хонорар изнесувал 10.000 денари.

## ДОПИСНИЦИ ВО 2009 ГОДИНА

Дописници од внатрешноста: Вкупно 15 од кои 13 со договори за повремено ангажирање и нивниот хонорар изнесувал 200 денари од објавена вест, но месечниот надоместок можел да биде максимум 8.000 денари. Повторно само двајца дописници биле вработени со договор на неопределено време и нивната плата изнесувала 24.000 денари.

Дописници од странство: Вкупно тројца дописници, сите со договори за повремено ангажирање. Дописникот од Лондон имал хонорар од 15.000

денари, дописникот од Прага имал хонорар од 12.000, а дописникот од Шведска 9.000 денари.

### ДОПИСНИЦИ ВО 2019 ГОДИНА (заклучно со мај 2019)

Дописници од внатрешноста: Вкупно 17 дописници од кои 9 со договори за ангажирање на советник за дописнички услуги и нивниот хонорар изнесува 200 денари од објавена вест. И 8 дописници вработени со договори на неопределено време, а нивната плата изнесува од 9.000 до 25.000 денари.

Дописници од странство: Вкупно 5 дописници од кои 3 со договори за ангажирање на советник за дописнички услуги, 1 со договор на определено и 1 вработен со договор на неопределено време. Дописникот од САД е ангажиран со договор за ангажирање на советник за дописнички услуги и неговиот месечен надоместок изнесува 50.050 денари, со исти договори се ангажирани и дописниците од Косово и Белград, двајцата со хонорари од 24.600 денари. Дописникот од Брисел е ангажиран со договор на определено време, а неговиот месечен надоместок изнесува 17.000 денари плус 2.000 евра теренски надомест. Единствено дописникот од Атина е вработен со договор на неопределно време и неговата плата изнесува 21.600 денари плус 1.000 евра теренски надомест.

Според анализите, за квалитетот на информирање на МРТ и МИА потребно е да се воспостави развиена дописничка мрежа која ќе ги опфати сите 30-ина урбани средини во државата. Од 150.000 домаќинства колку што има во Источниот Регион на Република Северна Македонија, МРТ има вработено само тројца дописници и ниту еден дописнички центар не е активен.

# IV. АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА СОСТОЈБАТА НА ДОПИСНИЦИТЕ ВО ЗЕМЈАВА

Резултатите кои ги добивме од анкетното истражување се поразителни за новинарството. Ретки се новинарите, кои се задоволни со своите месечни примања, меѓутоа, важно е да се нагласи дека за да ги добијат истите принудени се да работат на две или на повеќе од две места.

## 1. ДОГОВОРИ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ИЛИ ХОНОРАРНИ ДОГОВОРИ

Ретки се дописниците кои имаат договори на неопределено време со национален медиум. Сите новинари кои го сочинуваат примерокот, се согласни дека дописниците не се финансиски независни. Дописникот на МИА е еден од ретките со договор за постојано вработување.

*„Работам во МИА со договор за постојано вработување, а претходно работев хонорарно за повеќе национални медиуми: ТВ Телма, ТВ Алсат, „Утрински весник", „Дневник", Радио Слободна Европа и други. Дописнициите не се финански независни, особено оние кои се хонорарно ангажирани"*– вели дописникот на државната информативна агенција.

Малку охрабрува тоа што дел од интернет порталите имаат интерес да покриваат теми од внатрешноста и да ангажираат дописници, но нивните договори не се на неопределено, туку се ангажираат хонорарно.

*„Во моментот сум ангажирана како новинар дописник во два онлајн медиуми. Имам договори за хонорарна соработка во рамки на проекти. Покривам настани во Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила од сите области. Во 2000 година почнав да работам во ТВ Орбис во Битола. Три години без ни еден ден работен стаж, а бев уредник, новинар, водител. Ни даваше пари колку што ќе напишевме прилози. Еден прилог без изјава беше 50 денари, со една изјава 100 денари, со две*

*150 денари итн. Потоа бев во локалниот неделник 'Јавност' десет години, од кои само три бев со полно работно време, а vпотоа со скратено работно време. Истовремено од 2005 до 2017 година бев дописник на весникот 'Дневник' ангажирана како хонорарец, без плата и придонеси. Од 2012 до 2016 година дописник и на 'Вест', а од 2015 до 2017 и на 'Утрински весник', ангажирана, исто така, со хонорарани договори. Од 2001 година до сега сум дописник на Радио Слободна Европа со договор за фриленсер"*– вели дописничка од Битола.

## 2. ЧУВСТВО НА НЕСИГУРНОСТ ЗА ИДНИНАТА

Освен што сумите кои ги земаат дописниците се под државниот просек, огромен проблем за новинарите претставува и фактот дека немаат здравствено осигурување и дека не им тече стаж. Ваквата состојба создава чувство на несигурност за иднината и придонесува сѐ поголем број новинари да одлучат да не се занимаваат со својата професија и да работат во дејности различни од новинарството.

*„За финансиите нема да зборувам лично, бидејќи не смеам да ги изнесам податоците. Но, можам да кажам дека сум меѓу дописниците со повисоки хонорари, но без придонеси. Останатите дописници во Битола земаат од 10 до 18. 000 денари месечно хонорар. Од осум дописници колку што сме во моментов, само тројца имаат регулиран работен однос, дописникот на МТВ, МИА и на „Нова Македонија". Во однос на финансиската независност, можам да кажам дека со намалувањето на дописничките места зашто претходно имавме повеќе дописници и со повисоки хонорари, финанасиската независност беше поголема. Со намалувањето на хонорарите и со долгогодишното нерешавање на работниот однос, новинарите од внатрешноста се принудени да работат и во некој локален медиум. Во таков случај честопати политиките на локалниот медиум не се во согласност со националните медиуми, па новинарот за да не остане без пари, зашто од сите места заедно кога ќе ги собере се збираат колку една плата со високо образование, мора да премолчува одредени*

*проблемски теми. Имало случаи поради текстови во национални медиуми да се губи работа на локално ниво. Значи, за каква независност да зборуваме со медиуми кои со години ги користат услугите на дописниците без да ги осигурaат? Новинарите тука ги носат етикетите на медиумите, а потоа кога ќе бидат отпуштени поради штедење, а се почнува од дописниците, или пак кога згаснуваат медиуми, новинарите остануваат и без хонорар, а за да влезат во некој локален медиум треба да ѝ одговарат на власта, без разлика која и да е. Ако не, нема парче леб"– вели Жанета Здравковска, дописник од Битола.*

Состојбата е алармантна во сите плански региони. И дописниците од Западна Македонија велат дека хонорарите или месечните примања кои доаѓаат од националните медиуми се недоволни за покривање на основните потреби за пристоен живот.

*„Имам работено во локални радио и телевизија, со договор на неопределено време, а имам работено и како дописник за националната телевизија 24 вести, како и за новинската агенција Мета. Договорите беа засновани на месечен хонорар, без вработување. Во никој случај дописниците не се финансиски независни. Средствата варираат од медиум до медиум, но обично се ниски. На пример, или се работи „на парче", односно за најмногу 500 денари за прилог, или пак фиксна месечна сума, која од моето искуство не надминала шест илјади денари. Доколку дописникот нема и друго работно место, од средствата кои ги добива како дописник, не може да ги задоволи ни најнеопходните потреби"*– вели дописничка од Тетово.

Загрижува податокот и дека оние дописници кои долги години останале да работат за еден ист национален медиум не добиле промена на својот договор, односно работодавецот не плаќа придонеси за нив и немаат социјална сигурност.

*„Ангажиран сум во ТВ Сител, со договор за хонорарен ангажман. Ги покривам градовите од планскиот Источен Регион и Свети Николе. ТВ Сител ми е прва медимуска куќа со која имам*

*договор за хонорар, од 2008 година. Се плаѓа по учинок, по 800 денари од прилог... Новинарите не се финансиски независни поради ниските примања, а од друга страна, националните медиуми имаат големи барања од нив"*– вели дописник од Штип.

### 3. НЕДОСТИГ НА ОПРЕМА ЗА РАБОТА

Ретки се националните медиуми кои им обезбедуваат соодветна опрема и соодветни ресурси на дописниците за вршење на нивната работа. Недостигот на опрема за работа дополнително им ја отежнува работата на дописниците. Имено, овинарите од внатрешноста најчесто ги користат локалните медиуми при подготовката на прилозите, а не ретко се принудени својот хонорар да го поделат со снимателот.

Во истото анкетно истражување ниту еден дописник не одговори потврдно на прашањето дали редакциите им обезбедиле адекватна опрема за известување од настани со висок ризик. Половина од испитаниците одговорија дека опрема за известување од настани со висок ризик добиле од ЗНМ, но не и од медиумот, другата половина од испитаниците сѐ уште работи без ваква опрема. Речиси идентичен е и одоговорот на прашањето дали редакциите обезбедиле обуки за известување од настани со висок ризик.

*„Секојдневно фотографирам сама, но кога имам потреба од поквалитетна фотографија за посериозна тема, ми праќаат професионален фотограф од Скопје. Во однос на опремата мобилниот апарат ми го обезбеди редакцијата и ми плаќа телефонска сметка и интернет. Но, има медиуми кои многу малку плаќаат хонорарно за услугите на камерманите, па прашање на време е кога новинарите ќе останат без сниматели. Не можејќи да најдат сниматели кои ќе работат, да кажеме, за хонорар под 10.000 денари, новинарите ќе мора или сами да почнат да снимаат или да се откажат од дописништвата"*– вели дописничка од Битола.

Ваквите состојби, според сведочењата на испитаниците, влијаат и на колегијалните односи и на квалитетот на завршената работа.

*За изработка на прилозите се користеле материјали од „матичната" телевизија во која новинарот работи како дописник. Истото важи и за снимател – работел оној кој е вработен во локалната телевизија од која известувал новинарот, па секогаш доаѓало до конфликти, освен ако не се креира некаков договор помеѓу новинарот и снимателот за поделба на средствата. Исто така, што се однесува до опремата за известување од настани со висок ризик, ниту еден од медиумите за кои работев како дописник не ми обезбедил таква опрема, ниту пак обука за известување од такви настани"* – вели дописничка од Тетово.

*„Снимател немам и никогаш не бил ангажиран, а од пред 8 месеци сум обезбеден со опрема за работа. Немам опрема за известување од настани со висок ризик. Медиумот не ми обезбедил обука за известување од такви настани"*– вели дописникот за ТВ Сител од Штип и Свети Николе.

## 4. ПРИТИСОЦИ ОД РАЗЛИЧНИ ЦЕНТРИ НА МОЌ

Според извештајот од спроведеното истражување, наодите покажуваат дека новинарите се многу разочарани кога се работи за отпорот на притисоците,до таму што дел од дописниците, свесни за состојбата во медиумите, дури и не очекуваат ваква заштита од медиумот за кој работат.

*„Досега сам сум се заштитувал и нема потреба тоа да го прави медиумот. Се заштитувам со целосно почитување на Кодексот на ЗНМ и етичките норми"* – вели дописник на МИА.

Притисоци и обиди за притисоци постојано доаѓаат од различни центри на моќ. Се отпуштаат и деградираат новинари поради влијанието кое политичките и бизнис структурите го имаат врз сопствениците на медиумите.

*„Во моментот не се соочувам со притисоци. Но, морам да напоменам дека во 2012 година во весникот 'Јавност' каде што бев вработена и ми течеше стаж, експресно за 5 минути бев отпуштена од работа зашто на газдата не му беше во интерес текстот што како дописник го напишав во 'Вест' за тоа дека роднините на Манаки ќе го тужат градоначалникот. Текстот беше со сите опфатени страни, ама тогашниот градоначалник му се јави на газдата на 'Јавност' на телефон и овој ме отпушти. Сега немам проблем, но претходно кога имав проблеми со центрите на моќ, редакциите не мрднаа со малото прсте. Така, не се сеќавам точно која година беше, мислам 2010, градоначалникот на Битола Владимир Талески на комеморација за Евреите ја обвини Европа дека ни правела холокауст како фашистите на Евреите. Ова го пренесовме во 'Дневник', колешката во 'Утрински весник', колегата на една од телевизиите. Кога се крена тензијата, другиот ден Талески се јави во 'Дневник' и им рече дека сум го извадила од контекст. И колегите од Скопје тоа го објавија, во истиот весник каде претходниот ден на насловната страница беше Талески со холокаустот од ЕУ. За неговата изјава имаше и снимки, но кој го интересираше тоа? Самиот медиум што ви ја објавил веста, другиот ден да застане против вас, иако сте пренеле чиста вистина. Покрај сето тоа, Талески друг локален медиум натера на насловна страница да објави текст со наслов 'Талески ќе ги тужи новинарите за невистини'. Тужба не поднесе, но се искористија начини за притисок, а редакциите поткленкнаа"*– вели дописничка од Битола.

Дел од дописниците велат дека не се соочиле со такви притисоци, но финансиската зависност, односно преголемите барања на медиумите за премал хонорар ги сметаат за директен притисок.

## 5. ЧЕСТИ ПРОМЕНИ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА

Врз одлуиката за промена на уредувачката политика влијаат многу општествени фактори, меѓутоа, дописниците најголемиот проблем лоцираат во односот меѓу медиумите и политичките центри на моќ. Имено, Медиумите кои се затворија имаа директен и огромен импакт на намалувањето на бројот на дописници, но состојбата значително ја влошија и медиумите кои ја променија својата уредувачка политика.

*„Бројот на дописници директно зависи од медиумите, а нивното намалување значи помалку информирана јавност за настаните во внатрешноста и дури намалена читаност и гледаност. Намалувањето на бројот на дописниците се должи на згаснувањето на печатените медиуми, но и на тоа што повеќе национални ТВ-куќи по промената на власта ја сменија и својата уредувачка политика и ги избркаа дописниците"*– вели дописникот на МИА од Струмица.

*„Намалувањето на бројот на дописници влијае негативно врз потребата на јавноста за информирање. Информациите се централизирани на главниот град и дневната политика. Значително е намалено известувањето од останатите региони во земјата, со што се добива одреден ефект на изолираност на овие места. Најголема причина за намалување на дописниците се ниските примања, немањето соодветна опрема и честото манипулирање од страна на работодавачите"*– вели дописничка од Тетово.

*„Медиумите се правдаат дека немаат доволно средства за дописна мрежа, а во исто време го зголемуваат бројот на дескаџиите и новинарите во Скопје"*– вели дописник од Штип.

## 6. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА ВЕСТИТЕ

Ставовите и искуствата за причинителите и виновниците за ваквите состојби се различни, но дописниците се децидни и единствени во ставот дека мора да се направи законска регулатива која ќе обврзе ангажирање на дописници од внатрешноста од страна на сите национални медиуми. Според новинарите од внатрешноста, потребно е ангажирање на дописници од секој поголем град за да се постигне состојба во која јавноста адекватно ќе биде информирана за состојбите во целата држава.

„*Прво, потребна е законска регулатива, секој медиум кој има национална концесија-електронски медиуми и печатен медиум со дистрибуција во целата држава, мора да има определен број дописници, барем од поголемите градови. Медиумите треба да престанат новинарите во внатрешноста да ги перципираат само како дописници, туку, пред* **сè**, *како новинари и како рамноправни членови на редакцијата. И не е доволно само ангажирање дописници од планските региони, туку и од секој поголем град*"– вели дописник на МИА.

„***Да изберат квалитетни кадри од повеќе градови низ земјава. Да ги вработат! Редовно да им даваат плата! Да ги известуваат за уредувачката политика и нејзината евентуална промена. Да ги обучуваат. Да ги поканат барем еднаш месечно на редакциски колегиум.*** *Да постават одговорно лице за контакт со дописниците и да им дадат простор во вестите, весниците, порталите... Потребно е ангажирање на дописници од сите поголеми градови: Битола, Охрид, Тетово, Прилеп, Велес, Штип, Куманово, Струмица, Кавадарци. Да не може медиум да зрачи национално, а да нема дописна мрежа*"– вели дописник кој сакаше да остане анонимен.

„*Прво, да ангажираат соодветни лица да ја извршуваат работата. Да им обезбедат опрема и солидна плата. На оние места каде што нема стручен кадар, да се обидат да ги едуцираат заинтересираните. На крај, да обезбедат доволно медиумски простор и за локалните/регионалните проблеми, чиј фокус ќе бидат граѓаните. Се разбира дека националните медиуми мора да имаат дописник од*

*секој плански регион, затоа и се национални медиуми. Треба да покриваат теми од сите региони од земјата*"– вели дописничка од Тетово.

*„Да инвестираат поголеми средства со што ќе се зголеми интересот и на младите дипломирани новинари... Секако дека медиумите мора да имаат дописници од секој плански регион, посебно јавниот сервис кој сите го плаќаме, а ние им праќаме материјали...СРАМОТА...*"– вели дописник од источниот крај.

Дописниците се со поделени мислења во однос на прашањето- дали во внатрешноста постои соодветно образован кадар, кој ќе може соодветно да одговори на потребата од зголемување на бројот на дописници во сите типови медиуми.

*„Во некои градови да, во некои нема воопшто*"– вели дописник на МИА.

*„Токму поради згаснувањето на дописништвата и малите хонорари, па и плати на локално ниво, нема интерес за новинарски подмладок. Доколку се создаде простор и подобри услови тој вакуум ќе се надополни. Инаку, во моментов има новинари над 30 години кои можат многу солидно да одговорат на сите работни задачи*" – вели дописничка од Битола.

*„Искрено не верувам. Сметам дека генерално бројката на едуцирани кадри од областа на новинарството е ниска. Тоа уште повеќе е изразено на локално ниво. Но, може да се промени со инвестирање во едукација и сериозни обиди за подобрување на состојбата*"– вели дописничка од Тетово.

*„Нема доволно едуциран новинарски кадар, а уште помалку технички кадар*"– смета дописник од Штипскиот Регион.

## Прв програмски сервис, МТВ 1

Во моментов во Првиот програмски сервис на МТВ има четворица дописници во редовен работен однос. Тие се:

- Дописник од Белград, Оливер Бранковиќ;
- Дописник од Прилеп, Елизабета Митреска (ги покрива и Крушево, Кривогаштани, Македонски Брод и Долнени);
- Дописник од Битола, Стевче Митревски (ги покрива и Демир Хисар, Новаци и Могила);
- Дописник од Охрид, Сашо Нелоски (ги покрива и Струга, Дебарца и Вевчани, по потреба).

Во Охрид и Битола има и сниматели во редовен работен однос со нето-месечни примања од околу 20.500 денари.

Бранковиќ од Белград и Нелоски од Охрид се со решение на работно место „новинар 1" и нето-месечни примања од околу 27.000 денари (без минат труд). Митреска од Прилеп и Митревски од Битола се „новинари 2" со нето-месечни примања од близу 23.100 денари. Овие дописници не добиваат дополнителни јавни средства за други трошоци, освен просечно по две–три дневници кога зачестено патуваат во градовите што ги покриваат, а што во просек не надминува повеќе од 2.000 денари годишно.

*„Состојбата пред пет години беше поинаква. Тогаш имаше седум дописници ангажирани со хонорарен договор и три дописници во странство, со редовен работен однос. Седумте дописници, кои беа хонорарно ангажирани се:*

- Катерина Давчева, дописник од Струмица и Југоисточниот Регион;
- Оливера Жежова, дописник од Штип и Источниот Регион;
- Габриела Димковиќ, дописник од Куманово и Североисточниот Регион;
- Зоран Јовановски, дописник од Тетово и Северозападниот регион;
- Јованчо Наумовски, дописник од Струга (Вевчани, Дебар и долнореканскиот крај);
- Дарко Штаргоски, дописник од Прилеп и Југозападниот Регион;
- Дијана Иванова, дописник од Велес и целиот Вардарски Регион.

*Хонорарите за овие дописници биле исплаќани на име на новинарот во износ од 30.000 до 40.000 денари зависно од бројот на прилози, додека новинарот од таа сума му давал на рака на снимателот по 10.000-15.000 денари. Снимателот, покрај тоа што снимал, дополнително, со своја опрема и возило ги монтирал и прилозите".*[2]

Во странство дописници до 2018 година од МРТВ беа:

- Дописник од Брисел, Марина Тонева со снимателот Кире Тонев;
- Дописник од Атина, Марија Котовска, со снимателот Борислав Станковиќ;
- Дописник од Вашингтон, Ирина Гелевска со снимателот Ристо Мишев.

МРТВ на овие дописници им ги плаќала трошоците  за телефон, интернет, станарина, превоз за градот во кој престојувале и патни трошоци доколку патувале во друг град, како и примања соодветно на „новинар 1" или околу 27.000 денари плус екстра додатоци кои ги одредувал менаџментот (сумите не се познати).

[2] Интервју со Донка Долгоска, поранешен уредник на Дописна редакција на МТВ1, 31.5.2019 г.

*„Моменталната состојба со дописниците е далеку неспоредлива со состојбите пред пет, десет и пертнаесетина години. Во периодот пред затворањето на дописничките центри, МРТ имаше дописници и сниматели со полна опрема, канцеларии, службени возила, чии трошоци за бензин и за телефон беа покриени од МРТВ, а повремено биле и наградувани".*[3]

Сега состојбите со опремата на и вака малкуте дописници е следна:

**Битола** - има стара „PANASONIC" камера и лаптоп што дописникот Митревски ги обезбедил преку спонзори во Општината;

**Прилеп** – дописничката Митреска сама снима со камера;

**Охрид** – дописникот нема опрема, со снимателот минатата година добиле половна камера без батерии, па тие подоцна самите се снашле;

**Белград** – снима сам, нема сниматели.

*„Дописниците немаат службени возила, ги користат своите без надомест за гориво и амортизација, што не беше случај пред 15-20 години и повеќе. Елизабета Митреска од Прилеп, на пример, нема свое возило, пешачи низ Прилеп, за подалеку се снаоѓа, оди со такси што самата го плаќа или оди со други колеги од други медиуми со нивни возила".*[4]

Дописни центри на МРТВ не постојат откако беа укинати во 2003 година. Тогаш на дописниците им беа одземени службените возила и друга опрема. Од 2003 дописниците работат од дома. Две години после тоа добиваа по 5.000 денари надомест за трошоци, што им беше укинато во 2005 година.

[3] Интервју со Донка Долгоска, поранешен уредник на Дописна редакција на МТВ1, 31.5.2019 г.
[4] Интервју со Донка Долгоска, поранешен уредник на Дописна редакција на МТВ1, 31.5.2019 г.

Македонската радио - телевизија нема ниту еден дописник од Источниот, Југоисточниот и Североисточниот Регион. Во овој регион нема ниту еден техничар, сниматeл, монтажер. *„Порано, дописните центри биле објекти со студија, опрема за директно вклучување во програмата на Македонската радио-телевизија. МТВ има триесет и пет моторни возила, а од нив ниту едно во регионот кој е предмет на ова истражување. Македонската радио-телевизија во овие радиодифузни региони нема ниту еден активен дописен центар. Свои простории има во Струмица, на ул. Маршал Тито и во Штип, на плоштадот Слобода, но не ги користи. Во Штип, просториите се издадени под кирија и наместо новинари и техничари, таму работат готвачи и келнери, во угостителски објект. МРТВ има најголем број вработени од сите медиуми во Македонија, но Источна Македонија ја „покрива" со помалку вработени и од најсиромашната локална телевизија во регионот"*[5] (Стојанов, Игор и др., 2018).

*„Во поглед на притисоците, додека бев јас уредник немаше некој сериозен случај кој би барал заштита. Од некои уредници беше барано да се снима по секоја цена одредена фирма или соговорник. Во 2015 година најизразен бил притисокот од самите уредници на вести и емисии отколку од политички структури. Јас додека бев уредник немав случај пријавен за напад освен од кажување на две дописнички дека еден од директорите ги уценувал или ќе работите за новите регионални телевизии или нема договор со МТВ. Сите прифатија, освен Оливера Жежова од Штип".*[6]

[5] Игор Стојанов, Тони Михаилов, Иван Бојаџиски, 2018, „Социоекономската положба на новинарите во Источна Македонија-истражувачки стории, ЗНМ и Младински клуб –Штип.
[6] Интервју со Донка Долгоска , поранешен уредник на Дописна редакција МТВ1, 31.5.2019 г.

## Македонско радио на македонски јазик (МРА)

МРА има тројца дописници:

- во Куманово (покрива и Кратово);
- во Крива Паланка;
- во Струмица (покрива и Гевгелија, Дојран, Богданци, Валандово и Радовиш).

Дописниците се со решенија за работни места „новинар 2" со месечни нето-примања од 23.140,00 денари, а надоместокот за патен превоз е пресметан во бруто-платата. За подалечни релации се обезбедуваат патни налози.

Ова значи дека дописникот од Струмица треба лично да се погрижи за тоа како да стигне до Радовиш, Дојран, Валандово, Гевгелија или Богданци (дали ќе користи сопствено возило или автобус). Во подобра ситуација е дописникот од Крива Паланка, бидејќи ја покрива само Крива Паланка, а дописникот од Куманово мора во сопствена режија да патува до Кратово.

Според сите овие податоци, се потврдува дека Македонската радио-телевизија од ниту еден аспект не ја исполнува својата обврска за покривање на речиси половина од територијата на Р Македонија.

Со само тројца вработени новинари – дописници на Македонското радио, без ниту еден дописник на Македонската телевизија, без дописни центри, техничари, сниматели, може слободно да се каже дека нема ни минимум предуслови за елементарна покриеност со информации на целиот регион.

## Состојби со дописниците во МТВ2 , Втор програмски сервис

Дописниците на Вториот програмски сервис (МТВ2) известуваат истовремено и за радиото. Ги има петмина и тоа:

- **Тетово** – новинар и снимател;
- **Гостивар** – новинар без камера;
- **Кичево** – новинар без камера;
- **Дебар** – новинар без камера
- **Куманово –** новинар.

*„Сите се во редовен работен однос и се со решение на работно место „новинар 3" со редовни нето-плати од околу 19.500 денари без додаток за минат труд. Тие не добиваат дополнителни средства за трошоците за бензин, интернет или телефон. Единствениот снимател од Тетово е со решение на работно место „снимател 3" (16.500 денари). Споредбено со состојбите од пред 5,10 или 15 години состојбите се полоши, бидејќи недостигаат дописници од Струга-Охрид и од Приштина каде што претходно имало дописници".*[7]

Што се однесува до опремата и возила, ниту еден од нив нема службено возило, снимателот од Тетово има приватна камера. Немаат ниту канцеларии, ниту телефони и интернет кои им ги покрива МРТ. Дописниците од Куманово и Дебар користат сопствени приватни камери, материјалите ги испраќаат од своите приватни компјутери, додека оние што немаат камери материјалите ги обезбедуваат и ги испраќаат снаоѓајќи се сами од други електронски медиуми.

Ниту еден од дописниците нема канцеларија, ниту обезбедено работно место од МРТ, како што беше случај пред петнаесетина - дваесет години.

[7] Интервју со Мигена Горенца, одговорен уредник на Втор програмски сервис МТВ2, 3.6.2019 г.

*„Повеќето од нив не посетувале посебни обуки, ниту добивале посебни упатства во врска со зачувување на нивната безбедност, како и отпор спрема влијанија или притисоци. Дописниците од Куманово, Гостивар и Кичево имале неколку обуки кои не биле организирани од МРТ, додека од Дебар и Тетово воопшто немале обуки".*[8]

*„Во разговор со член на Програмскиот совет на МРТ, беше посочено дека во моментов МРТ има вработено 12 дописници кои работат за МРТ1 и МРТ2, и дека оваа година МРТ има објавено повик за пријавување на нови дописници. Сепак, оваа бројка е ниска, доколку се земе предвид дека ќе биде пуштен во употреба уште еден телевизиски канал со целосна програма на албански јазик".*[9]

За потребите на ова истражување беа пратени дописи од ЗНМ до петте најголеми национални телевизии со следново прашање:

**Која е вкупната бројка на дописници по региони, со какви договори се ангажирани и колку изнесува нивната плата/хонорар (актуелна состојба заклучно со мај 2019)?**

Ниту еден од овие медиуми не одговори на барањата за информации на ЗНМ и затоа информации за дописници ангажирани или вработени во петте најголеми радиодифузери ова истражување не содржи.

[8] Интервју со Мигена Горенца, одговорен уредник на МТВ2, 30.6.2019 г.
[9] ЗНМ, Дописничка мрежа (состојба и анализа на јавните сервиси во Западен Балкан и во Европската Унија , преземено од: www.znm.org.mk/анализи-и-публикации/дописничка-мрежа-состојба-и-анализа-н/

# V. МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО ДОПИСНИЦИТЕ

Анализите ни укажуваат дека има нагласена потреба од законска регулатива со која ќе им се наложи на сите национални медиуми да ангажираат дописници. Во време кога медиумите се ранливи, а во исто време и нападнати од дезинформации, се наметнува потребата за точно, навремено и сеопфатно известување, со цел јавноста да добие целосна слика која нема да доведува во заблуда поради нецелосното, погрешното, шпекулативното или задоцнетото пласирање на информации.

Значајно е да се нагласи дека медиумите мора да бидат професионални и одговорни, а во таа насока, неопходно е континуирано едуцирање на вработените, во насока на постојан развој на нивните вештини и унапредување на стандардите за работа. Медиумите мора своите вработени да ги едуцираат со соодветни обуки.

Регионите, односно внатрешноста е еднакво важна за развојот на дописничката мрежа и состојбата со медиумите. Токму поради тоа се создава потреба за зголемување на финансиите кои се издвојуваат за внатрешноста, со цел да ја зголемат независноста на дописниците, но истовремено и да ги мотивираат младите од внатрешноста да не се селат и да се занимаваат со новинарство.

Медиумите мора постојано да работат на унапредување на состојбата на вработените, односно на нивниот професионален раст и развој. Ова е клучно за постигнување доверба кај публиката, особено сега во време на дигиталната ера, кога се наметнуваат некои нови трендови кои може да го загрозат новинарството и медиумската дејност. Затоа квалитетот на медиумите, понудата на нивните содржини е многу важна. Во таа насока, новинарите, а од нив дописниците се

значаен ресурс на кој треба да се посвети многу внимание, со цел да се подобри ефикасноста во нивното работење.

Централизацијата на информациите кои се пласираат во јавноста оди во насока на доведување на јавноста во заблуда за одредени состојби и случувања во останатиот дел од државата. Така се нарушуваат основните начела на новинарството. Дополнително, соодветната законска регулатива за задолжително ангажирање новинари од внатрешноста, ќе придонесе и за намалување на влијанието и притисоците од страна на различните центри на моќ.

Покрај обврската за задолжително ангажирање дописници и создавање дописничка мрежа, потребна е и регулатива, според која медиумите ќе обезбедат соодветни услови за работа на дописниците, како и набавка на основната опрема за работа.

Дописничката мрежа и третманот на дописниците играат значајна улога во поглед на унапредувањето на културниот идентитет на земјава во целина, но и на нејзините региони, посебно. Тие се, исто така, важни за заштита и одржување на јазикот и традицијата на локалните заедници, поттикнување на културен јавен дијалог на сите граѓани, во насока на унапредување и зацврстување на односите меѓу различните заедници од земјава и надвор од неа.

Заради подобрување на состојбата, ЗНМ препорачува сет на мерки со кои ќе се поддржат професионалните медиуми, ќе се обезбеди квалитетно независно истражувачко новинарство, преку продукција на содржини во кои ќе учествуваат дописниците, со цел да се задоволат потребите на различни групи од внатрешноста кои во моментов не се доволно застапени во медиумите. Во тој контекст, приоритетот на ЗНМ е фокусиран на поддршка на соодветното неформално образование, обуки и тренинзи. Дополнително, ЗНМ обезбедува услови за квалитетна работа на новинарското истражување, со што се очекува дека ќе се овозможат услови дописниците да бидат соодветно вклучени во професијата.

**Во делот на Македонската радио-телевизија и МИА:**

1. Идното раководство на МРТ треба да обезбеди развој на дописништвата во секој од осумте плански региони во Република Северна Македонија: најмалку по двајца новинари и двајца сниматели/монтажери или вкупно 16 новинари и 16 сниматели/монтажери. Од суштинско значење е сите новинари и сниматели да бидат вработени со полно работно време, со договор на неопределено време.

2. Потребно е, МИА да направи проценка за тоа колку дописници се потребни за ефикасно покривање на теми од локален карактер и сите тие да бидат вработени со полно работно време, со договор склучен на неопределено време, исто како и во случајот со МРТ.

3. Идното раководство на МРТ, а во соработка со МИА, треба во секој плански регион да обезбеди работен простор и средства за работа вклучувајќи и најмалку по едно возило, на дописниците на јавниот сервис и националната медиумска информативна агенција, односно најмалку осум дописнички центри.

**Во делот на печатените медиуми:**

4. Потребно е Дневните печатени медиуми на национално ниво, да имаат добро развиена дописничка мрежа, поради тоа што од јануари 2019 година се финансиски помогнати од страна на јавниот буџет што значи да имаат по најмалку три дописници во редовен работен однос.

**Во делот на националните терестријални и кабелски телевизии:**

5. Националните радиодифузери со терестријална дозвола (петте телевизии со општ формат) кои зрачат на државно ниво потребно е да имаат широко распространета дописничка мрежа со оглед дека тие се единствени телевизии покрај МРТ кои зрачат

во сите подрачја на земјата. Освен правата што овие телевизии ги добиваат со тоа што зрачат на целата територија имаат и обврска да информираат за теми кои се од локално и регионално значење. Исто така, потребно е да обезбедат и соодветни средства и услови за работа. Затоа, потребно е да се направат измени и дополнувања во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и тоа во глава VI, член 22 кој се однесува на бројот и структурата на вработени. Овие измени треба да гарантираат дека од минимум 30 вработени новинари во терестријалните, најмалку 4 треба да се дописници со полно работно време, односно од минимум 10 вработени новинари кај кабелските телевизии најмалку 2 да се дописници со полно работно време.

### Општи препораки

6. Потребна е постојана интерна едукација од редакциите на медиумите кон нивните дописници, особено во користењето на новите технологии и следење на трендовите (самостојно снимање и монтажа, користење на мобилни телефони и апликации при известување и слично).

7. Потребно е постојано неформално образование од страна на еснафските организации во насока на професионални стандарди, препознавање на дезинформации, почитување на авторското право итн.

8. Меѓународната донаторска заедница потребно е да има повеќе интерес и разбирање за потребите на дописниците и да има програми за финансиска поддршка на нивниот развој.

Здружение на новинарите на Македонија

www.znm.org.mk